РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-602/1
30-01-2026 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2645/1 од 09.10.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека за наводите од пријавата постапиле други надлежни органи, кои во рамките на своите законски надлежности извршиле вонреден инспекциски надзор при што не утврдиле неправилности во работењето на субјектот на надзорот, поради што наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2645/1 од 09.10.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 09.10.2024 година е доставена пријава во која се изнесени сомнежи за злоупотреба на службената положба и назаконитости во работењето на службени лица во Општина -----------, поконкретно дека лицето ------------------------------------, вработено во општина --------------, неовластено потпишувало акти на Општината од областа на урбанизмот, иако немала компетенции за тоа, ниту пак била на работно место раководител на одделение, по која е оформен предмет со број 12-2645/1 од 09.10.2024 година.

Во насока на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да изврши надзор во општина ---------------- со цел да се испита законитоста во работењето односно, дали посоченото лице од предметната пријава извршува работни задачи и зема месечен надоместок согласно описот на нејзиното работно место утврден во Правилникот за систематизација на работните места и за исходот да се извести Државната комисија, со достава на прилог документација.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државниот управен инспекторат до ДКСК достави Записник за преземени дејствија при извршен вонреден инспекциски надзор број ИП1 БР.13-1349 од 30.10.2024 година и ИП1 број 13-955 од 30.06.2025 година, во кои е наведено дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот, додека во делот на наводите за исплатата на надоместоци, предметот е доставен на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд.

Државниот инспектор на трудот до ДКСК достави Изавестување со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е следното: Државен виш инспектор од областа на работните односи извршил надзор за предметниот случај и изготвил Записник за извршен инспекциски надзор број ИП1 БР.1 3007-389/3 од 18.07.2025 година, во кој е наведено дека по извршен увид во прибавените докази е утврдено дека работното место на административниот службеник ------------ ------------------ на кое е распореден со овластување на градоначалникот кореспондира со бодовите за стручен административен службеник од прво ниво В1 утврден во членот 24 став 4 од Колективниот договор на општина -------------- и истото престанало со важност се до изборот на раководител на одделението за спроведување на урбанистички планови, каде по пат на интерен оглас било избрано друго лице --------- ------------. Во однос на наводите за исплата на додатоци на плата наведено е и дека на административниот службеник -------------- ----------------- и бил исплаќан додаток на плата врз основа на членот 26 став 5 од Колективниот договор на општина ------------. Исто така, констатирано е дека со Решение за престанок на вработување број 04-14/2 од 28.01.2025 на наведеното лице и престанал работниот однос по основ пензионирање и остварување на правото на старосна пензија.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапиле други надлежни органи - Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд на РСМ, кои во рамките на своите законски надлежности извршиле воредни инспекциски надзори при кои не утврдиле неправилности во работењето на субјектот на надзорот – Општина ------------, со што наводите од пријавата не се потврдуваат.

Поради тоа, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК